

Филипче и СДС се последните што имаат кредибилитет да зборуваат за состојбите во енергетиката, бидејќи токму раководствата поставени од нив оставија сериозни структурни, технички и финансиски последици врз домашните производни капацитети. Наследени беа деградирани и недоволно одржувани рудници за јаглен, запуштена и застарена опрема во термокапацитетите, истрошени хидропотенцијали, што се состојби што не може да се санираат за една година.

Дополнително, дел од поранешните одговорни лица се предмет на постапки пред надлежните институции, а компанијата соработува во целост со истрагите и очекува секој пропуст да биде утврден согласно законот.

При преземањето на компанијата, ЕСМ беше во исклучително тешка финансиска состојба со производствена цена од околу 140 евра за мегават-час, загуби од повеќе од 130 милиони евра и доспеани, неплатени обврски кон деловни партнери над 80 милиони евра. Ова е реалната слика што ја остави СДС и која ја загрози стабилноста на целиот енергетски систем.

Во тој контекст, лицемерна е тезата на Филипче дека електрична енергија можела да се произведува за 85 евра за мегават-час и во спротивност со фактичките бројки и состојбата што беше затекната.

Против раководствата кои ја управувале компанијата во периодот од август 2017 до август 2024, поднесени се пријави до надлежните институции, и веруваме дека сите до

еден ќе одговараат за своите злосторства во една од најзначајните државни компании. Имајќи го предвид ова наследство, најмалку што може да направи СДС е да се воздржи од коментирање на теми поврзани со енергетиката, барем додека институциите целосно не ги расчистат сите пропусти и последици од нивното управување.

Во изминатата година се намалени затекнатите загуби, а цената на произведената електрична енергија е намалена за околу 22 проценти. Но и покрај сите предизвици АД ЕСМ понуди минимално повисока цена кон Универзалниот снабдувач.